РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-2967/2
25.09 2021 год.
КРИВА ПАЛАНКА

www.krivapalanka.gov.mk
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# З А П И С Н И К

Составен на ден 25.09.2021 година за извршено ждребовање за истакнување на изборни плакати и друг изборен рекламен материјал (банери, паноа, билборди и слично) за локалните избори закажани за 17.10.2021 година.

Ждребовањето за истакнување на плакати и истакнување на друг изборен рекламен материјал на одредени локации во град Крива Паланка согласно на Условите за добивање на места на кои можат да се истакнуваат изборни плакати со бр.08-1040/1 од 28.03.2019 година издадени од Општина Крива Паланка и Одлука за утврдување на места на кои може да се истакнуваат изборни плакати со бр.09-3130/109 од 07.11.2016 година донесена од Советот на Општина Крива Паланка, кои се истакнати на ВЕБ страна на општината е извршено во присуство на членовите на комисијата за спроведување на ждребовањето одредена со Решение број 08-2967/1 од 24.09.2021 година на градоначалникот на Општина Крива Паланка и составена од вработени лица во Општина Крива Паланка, и тоа:

1. Љубомир Младенов – претседател;
2. Маја Костадиновска – член и
3. Даниела Велковска – член.

Како и овластени претставници од политичките партии и тоа:

- Стефан Димитровски, овластен претставник од Коалицијата на СДСМ и други политички партии;
- Емил Спасовски, овластен претставник од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и други политички партии и
- Зоран Павловски, овластен претставник од Коалицијата на ЛДП-ДОМ.

Имајќи во предвид дека на лице место потпорните ѕидови за истакнување на плакати и промотивни материјали без надомест се одредени и обележани со жолта боја со броеви од 1 до 8, редоследот по извршеното ждребување е следниот:

- мастата со одбележан број 3 и 4 за Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и други политички партии;
- местата со одбележан број 5 и 6 за Коалицијата на ЛДП-ДОМ;

- местата со одбележан број 7 и 8 за Коалицијата на СДСМ и други политички партии.

Одбележаните броеви 1 и 2 остануваат слободни.

За поставување на банери овластените претставници на политичките партии се договорија локациите утврдени од страна на општината да бидат во следниот редослед:

- местата со реден број 1,3,8,9,11,14,17,18,21,23,27,30,31,32,35,37,40,43,46,48,52,54 и 57 за Коалицијата на СДСМ и други политички партии;
- местата со реден број 2,5,6,10,12,13,15,16,19,24,25,26,28,29,33,39,41,42,49,51,53 и 56 за Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и други политички партии;
- мастата со реден број 4,7,20,22,34,36,44,45,47,50 и 55 за Коалицијата на ЛДП-ДОМ.

Местото со реден број 38 останува слободно.

Поставувањето на банерите ќе се врши според пропишана постапка за поставување на урбана опрема и плаќање на надоместок утврден со Одлука на Советот на Општина Крива Паланка.

Присутните овластени претставници на политичките партии изјавија дека ќе го почитуваат редоследот за истакнување на изборни плакати и поставувањето на друг рекламен изборен материјала (банери и сл.) за локалните избори во Октомври 2021 година и истиоит записник своерачно го потпишуваат.

**Комисија на Општина Крива Паланка,**

**Љубомир Младенов**

**Маја Костадиновска**

**Даниела Велковска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**Овластени претставници на политичките партии,**

**Стефан Димитровски**

**Емил Спасовски**

**Зоран Павловски**